**З А П И С Н И К**
**од Сто и шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 30 септември 2025 година**

**Скопје, септември 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 30 септември 2025 година**

Седницата започна во 14:00 часот.

На седницата претседаваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за политички систем.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи со заедниците и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата присуствуваа и Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација и Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваше и Владимир Ристески, директор на Секторот за воздухопловна навигација во Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД, Скопје, Иван Стојановски, финансиски директор во Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје и м-р Марија Митева, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваше м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 106-та, 109-та (тематска), 113-та (тематска) и 115-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 9, 12, 15 и 24 септември 2025 година

1. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Дигитализација на матичните книги“

2. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Безбедност во сообраќајот на патиштата во Република Северна Македонија“

3. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Гоце Делчев“–Делчево (санитетско возило)

4. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-505/1)

5. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-506/1)

6. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-504/1)

7. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-1246/1)

8. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (бр.03-503/1)

9. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-437/1)

10. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-508/1)

11. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-448/1)

12. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-447/1)

13. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-449/1)

14. Годишна програма за работа на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија за 2025 година, со Предлог-одлука

15. Финансиски план на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија за 2025 година, со Предлог-одлука

16. Предлог - уредба за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон

17. Информација за потребата од изменување на Одлуката за формирање на Меѓуресорско тело за координација на активностите против корупцијата, со Предлог-одлука

18. Предлог за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Нацрт - договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за соработка во областа на борба против криминалот, со текст на Нацрт-договор

19. Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање Комисија за гранични премини на Република Северна Македонија со соседните држави

20. Барање на Дмитро Горига, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

21. Предлог на закон за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки во зголемување на средствата за работење во Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија-Скопје

22. Информација за приклучување на Република Северна Македонија кон Инвестицискиот круг на Светската здравствена организација (СЗО)

23. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа

24. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје (апарат за електроенцефалографија - ЕЕГ)

25. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом Железничар-Скопје (биомедицински замрзнувач)

26. Предлог - одлука за давање на времено користење на недвижни ствари на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести, Скопје (КП бр.191, КО Кисела Вода 2, запишани во Имотен лист бр.45403)

27. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на 100 амбулантни возила со надоградена медицинска опрема за потребите на Јавните здравствени установи

28. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка, одржување и корисничка поддршка на национален интегриран систем за управување со симптоми за пациенти

29. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

30. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, по скратена постапка, предложен од група пратеници

31. Предлог на закон за изменување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

32. Предлог на закон за дополнување на Законот за данокот на личен доход, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

33. Иницијатива од Матеј Алексовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.76/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 86 ставови 1, 2 и 4 од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр.72/16, 142/16 и 233/18)

34. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.74/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 38 став 3 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24, 37/25, 86/25 и 101/25)

35. Иницијатива поднесена од Сузана Цветкова од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.78/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 4 став 1, точка 5, член 10 став 1 алинеи 1 и 2 и член 10 став 2 од Законот за социјална сигурност за старите лица („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/2019)

36. Кадровски прашања

37. Прашања и предлози

38. Извештај за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје во периодот 1.10.2023 година-31.12.2023 година

39. Акциски план со предвидени и преземени мерки и активности од страна на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година, бр.22-70/1 од 17 јануари 2025 година

40. Информација за примена на Законот за нотаријатот за 2024 година

41. Информација за наодите од извршена контрола на документацијата за неисплатени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија од страна на Министерството за внатрешни работи

42. Информација за вкупниот број на регистрирани возила на подрачјето на сите општини на територијата на Република Северна Македонија

43. Информација за подготовка на нова Стратегија за образование 2026–2032 година

44. Информација за степенот на реализација на Акцискиот план по Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат државните студентски домови во Република

Северна Македонија и развој на студентскиот стандард“, заклучно со првиот квартал на 2025 година

45. Извештај за работата на Секторот за сајбербезбедност при Министерството за дигитална трансформација за период од 1.1.2025 до 30.6.2025 година
46. Информација во врска со Годишниот извештај за 2023 година за спроведување на Акцискиот план на Националната стратегијата за еднаквост и недискриминација 2022-2026 и Годишниот извештај за 2024 година за спроведување на Акцискиот план на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026, со текст на Годишен извештај за 2023 година и Годишен извештај за 2024 година

47. Информација за реализација на Акциски план 2022-2024 за спроведување на Националната стратегија за деинституционализација во Република Македонија 2018-2027 „Тимјаник“

48. Информација за донесување на Национална стратегија за демографски политики 2025-2045

49. Годишен за преземените активности и постигнатиот напредок во воспоставувањето еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија во 2024 година

50. Информација во врска со износот кој се однесува на проектот „Изградба на пливачки базен во Општина Охрид“

51. Предлог-одлуката за давање во закуп објекти на граничните премини за патен сообраќај

52. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (дваесетта одлука)

53. Барање за одобрување на Одлуката на Управниот одбор на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје бр.0201-234/2 од 21.2.2025 година за потпишување на Амандман број 4 од Договорот за набавка, инсталирање и тестирање на АТМ систем склучен со италијанската компанија ЛЕОНАРДО С.п.А (бр.02-1056/41 од 14.12.2018 година, Амандман бр.1 заведен со арх.бр. на М-НАВ АД Скопје 02-799/57 од 25.7.2022 година, Амандман бр.2 заведен со арх.бр. на М-НАВ АД Скопје 0307-22/5 од 31.3.2023 година и Амандман бр.3 заведен со арх.бр. на М-НАВ АД Скопје 0307-134/7 од 22.3.2024 година), со прилози и Предлог-одлука

54. Информација за потребата од донесување на Одлуката за давање на трајно користење на движни ствари на Државна изборна комисија, со Предлог – одлука

55. Информација во врска со статус на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.353 Зрновска Река на концесионерот Еко тера ДОО Скопје

56. Информација во врска со статус на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.104 Габровска Река на концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово

57. Информација во врска со одобрување на трошоци за арбитражниот предмет Гама Гуч Системлери Мухендисклик Вее Тааххут А.Ш како тужители против Република Северна Македонија како тужена страна број 26696/НВН (завршна постапка во полза на Република Северна Македонија)

58. Информација за потребата за обезбедување дополнителни средства преку заем од КфВ Развојната банка, со државна гаранција, со кои би се затворила финансиската рамка за проектот Компонентата I: Ревитализација на ГХЕ - трета фаза и дополнителни средства за финансирање на проектот ФЕ Битола 3

59. Информација за потреба од реформа во примарна здравствена заштита во Република Северна Македонија

60. Информација во врска со одржување на Вонредно собрание на акционери на АД Охридтурист - Охрид, закажано за 3 октомври 2025 година

61. Предлог – одлука за начинот на наплата на износот за „Детска недела" во период од 6 до 12.10.2025 година

62. Предлог-одлука за затворање на Почесниот конзулат на Република Австрија во Република Северна Македонија, со седиште во Битола

63. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност за именување на почесен конзул на Република Австрија во Република Македонија, со седиште во Битола

64. Информација за потреба од примена на политики за креирање на лозинки на службени е-маил адреси, со прилог Политика за креирање на лозинки

*

*      *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Сто и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 9 септември 2025 година, Сто и деветтата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 септември 2025 година, Сто и тринаесеттата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 септември 2025 година и Сто и петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 септември 2025 година.

*

*      *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Дигитализација на матичните книги“, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжуваат Министерството за дигитална трансформација и Управата за водење на матичните книги, да подготват акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај и во рок од 30 дена да го достават до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Безбедност во сообраќајот на патиштата во Република Северна Македонија“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и укажа на Јавното претпријатие за државни патишта, да подготват акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај и во рок од 30 дена да го достават до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Гоце Делчев“–Делчево (санитетско возило).

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-505/1).

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-506/1).

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-504/1).

**Точка 7**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-1246/1), за наредната седница на Владата на Република Северна Македонија, поради потребата текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, предлагачот на порталот Е-влада да го прикачи во целост Известувањето од Министерството за транспорт дека не се води постапка за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти за недвижните ствари.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (бр.03-503/1).

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-437/1).

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-508/1).

**Точка 11**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-448/1), за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-447/1).

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-449/1).

**Точка 14**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија за 2025 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија за 2025 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 15**

Владата го разгледа Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија за 2025 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија за 2025 година, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 16**

Владата повторно ја разгледа Предлог-уредбата за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон и ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изменување на Одлуката за формирање на Меѓуресорско тело за координација на активностите против корупцијата, со Предлог - одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Меѓуресорското тело за кординација на активностите против корупцијата.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, во рок од седум дена, да подготви и до Владата да достави Предлог-решение за назначување на претседавач, заменик - претседавач, членови, заменици на членовите, секретар и заменик-секретар на Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата.

**<u>Точка 18</u>**

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Нацрт - договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за соработка во областа на борба против криминалот, со текст на Нацрт-договор и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Нацрт - договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за соработка во областа на борба против криминалот, како основа за водење на преговори.

2. Се задолжува шефот на делегацијата и членовите на делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Нацрт - договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за соработка во областа на борба против криминалот.

3. Се овластува шефот на делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Нацрт - договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за соработка во областа на борба против криминалот, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите за склучување на Договорот.

4. Се задолжува делегацијата на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена по завршените преговори, до Владата на Република Северна Македонија да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Нацрт – договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за соработка во областа на борба против криминалот.

**<u>Точка 19</u>**

Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање Комисија за гранични премини на Република Северна Македонија со соседните држави.

**<u>Точка 20</u>**

Владата го разгледа Барањето на Дмитро Горига, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за спорт, утврди позитивно мислење по Барањето.

**<u>Точка 21</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки во зголемување на средствата за работење во Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија-Скопје и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки во зголемување на средствата за работење во Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија-Скопје, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Вера Бужаровска, државен советник во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за приклучување на Република Северна Македонија кон Инвестицискиот круг на Светската здравствена организација (СЗО), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за здравство да пристапи кон потпишување на договор за приклучување на Република Северна Македонија кон Инвестицискиот круг на Светската здравствена организација (СЗО) и во рок од шест месеци да ја информира Владата за прогресот на активностите.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 24**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје (апарат за електроенцефалографија - ЕЕГ).

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом Железничар-Скопје (биомедицински замрзнувач).

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за давање на времено користење на недвижни ствари на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести, Скопје (КП бр.191, КО Кисела Вода 2, запишани во Имотен лист бр.45403).

**Точка 27**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на 100 амбулантни возила со надоградена медицинска опрема за потребите на Јавните здравствени установи, за наредната седница на Владата.

**Точка 28**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка, одржување и корисничка поддршка на национален интегриран систем за управување со симптоми за пациенти, за наредната седница на Владата.

**Точка 29**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и со оглед дека Предлогот на закон создава нови буџетски обврски за кои не е обезбедено финансирање, односно буџетските проекции за 2025 година не предвидуваат средства за вакви наменски мерки, дава негативно мислење по однос на предложеното законско решение.

**Точка 30**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, по скратена постапка, предложен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со наведениот Предлог на закон се интервенира во членот 4 од Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, во кој се дадени критериумите за усогласување на постоечката минимална плата во Републиката, при што се предлага минимална плата да се зголеми во нето износ за 6.000 денари.

Вака утврдената минимална плата се предвидува да се применува со исплатата за март 2025 година, почнувајќи со исплата на платата за јули 2025 година.

Исто така во членот 4-а се предвидува на работодавачите да им се исплати финансиска помош за исплата на придонесите за нето зголемената плата од Буџетот на Република Северна Македонија за периодот август 2025 - август 2026 година.

Во членот 5-б се предлага работодавачот почнувајќи со исплата на платата за јули 2025 година на работникот да му исплати зголемена нето-плата за најмалку 6.000 денари, односно минималнат плата да биде 30.000, 00 денари.

Законот за минимална плата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/12, 30/14,180/14, 81/15, 129/15, 32/17, 140/18 и „Службен весник на

Република Северна Македонија“ бр.124/19, 239/19, 41/22 и 86/25), во членот 4 дефинира дека исплатената висина на минимална плата во бруто-износ за март секоја година се усогласува со:

- 50% од порастот на просечно исплатената нето-плата во Република Северна Македонија за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика и

- 50% од порастот на индексот на трошоците на живот, за претходната година според податоците на Државниот завод за статистика.

При тоа, висината на минималната плата на наведениот начин, не може да биде пониска од 57% од висината на просечно исплатената нето-плата во Република Северна Македонија за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

Исто така, се предвидува дека просечниот износ на исплатената месечна нето-плата за работник кој работи помалку од полното работно време се пресметува сразмерно со бројот на одработените часови по месецот, а во просечниот износ на исплатената месечна нето - плата за работник, не се пресметува податокот на плата на прекувремена работа.

Дополнително, истиот член регулира дека министерот за економија и труд по претходно мислење од Економско-социјалниот совет, ја објавува висината на минималната плата во бруто-износ во „Службен весник на Република Северна Македонија“, во март секоја година, која ќе започне да се исплатува со исплатата на платата за март во тековната година.

Треба да се има предвид дека ваквата содржина на наведениот член 4 од Законот беше утврдена во 2022 година, по повеќемесечни интензивни дискусии и преговори во рамките на Економско-социјалниот совет (ЕСС), како највисоко трипартитно тело на национално ниво.

Трипартитното утврдување на висината на минималната плата има за цел да обезбеди рамнотежа, при што ќе бидат земени предвид интересите на сите засегнати страни - на Владата, работодавачите и синдикатите.

Преку дискусија на Економско- социјалниот совет се осигурува дека минималната плата ќе биде фер и ќе ги задоволува основните потреби на работниците, а истовремено нема да го оптоварува прекумерно бизнис-секторот.

Истовремено, на овој начин утврдената минимална плата ќе биде прилагодена на економските услови, инфлацијата, продуктивноста и растот на бруто домашниот производ, а Економско-социјалниот совет е форумот каде овие индикатори може да се анализираат и дискутираат.

Понатаму, европските трудови стандарди препорачуваат минималната плата да се утврдува преку консултации и социјален дијалог, на начин што ја приближува земјата кон европските практики и стандарди, обезбедува и минималната плата да е праведна, одржлива и во согласност со развојот на економијата на државата.

Врз основа на претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, по скратена постапка, предложен од група пратеници.

**<u>Точка 31</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со горенаведениот Предлог на закон се предлага во членот 51 од Законот за данокот на додадена вредност зголемување на прагот за задолжителна регистрација за ДДВ од 2.000.000 денари на 3.000.000 денари.

Согласно членот 51 став (1) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03, 9/04, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 124/19, 275/19, 267/20, 163/21, 57/22, 199/23 и 3/25), (во натамошниот текст: ЗДДВ), сите даночни обврзници, чиј вкупен промет во изминатата календарска година надминал износ од 2.000.000 денари или чиј вкупен промет се предвидува на почетокот од вршењето на стопанската дејност дека ќе го надмине износот или во текот на годината го надмине износот, обврзани се за регистрација за данокот на додадена вредност. Обврската за регистрација за данокот на додадена вредност не се однесува за даночни обврзници во смисла на член 32 точка 4 и член 46 од ЗДДВ.

Во однос на мерката која произлегува од одредбите на Предлогот на закон за изменување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, Владата ве известува за следното:
Во рамките на Програмата на Владата на Република Северна Македонија, како една од клучните мерки се предвидува одредени подобрувања во системот на данокот на додадена вредност, вклучувајќи го делот кој се однесува на прагот за регистрација за ДДВ.

Во таа насока, во рамки на Министерството за финансии во тек се определени анализи кои имаат за цел да овозможат подетално согледување на состојбата на економијата и да послужат како основа за креирање соодветни и конкретни решенија. Целта на овие активности е да се овозможи поефикасен систем на данок на додадена вредност, без притоа да се нарушат основните принципи на ДДВ - правичноста, неутралноста и стабилноста на даночниот систем.

Сите аспекти во однос на потребата од измени ќе бидат внимателно разгледани и темелно оценети, со цел да се избегнат негативни влијанија врз стопанството, а истовремено да се зачува интегритетот на даночниот систем.

Имајќи предвид дека активностите за реализацијата на мерките предвидени со Програмата на Владата на Република Северна Македонија, се во тек, како и актуелната фактичка состојба, се останува на внимателен пристап, со цел донесување квалитетни и одржливи решенија кои ќе придонесат кон унапредување на даночната политика во Република Северна Македонија.

Според сето наведено, односно фактот дека анализите се сè уште во тек, а дефинирањето на конечните решенија треба да произлезе токму од нив, во овој момент за Владата не е прифатлив Предлогот на закон за изменување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, бидејќи тоа би претставувало пречекорување на тековните институционални процеси.

Од друга страна, Министерството за финансии во наредиот период ќе ги имплементира мерките од Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија (2024-2028) за кои е надлежно, а кои се во интерес на општото добро на граѓаните, при тоа следејќи го системскиот пристап за измена на законската регулатива.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Законот.

**Точка 32**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за данокот на личен доход, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со горенаведениот Предлог на закон се предлага во членот 12 во ставот (1) да се додаде нова точка -49) согласно која нема да се плаќа данок на личен доход на плати на вработени жени кои биле во редовен работен однос и се враќаат од платено породилно отсуство, за период од 24 месеци по породување.

Во истиот е наведено дека целта поради која се предлага законот е да се обезбеди финансиска поддршка за жените и семејствата при што ќе се стимулира враќањето на работа на жените по породување.
Според досегашната пракса ваквиот тип на ослободувања се предмет на уредување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Во Програмата на Владата на Република Северна Македонија (2024-2028) е предвидено ослободување од плаќање на данок на личен доход за фирмите кои ќе вработат мајки на три или повеќе деца, во период од три години, сметано од денот на вработувањето, со обврска работодавачот да ја задржи мајката на работно место, онолку години колку што се користи мерката. Исто така, предвидена е зголемена поддршка за секое новородено дете и неговите родители, како и дополнителна финансиска поддршка по завршување на породилното отсуство за мајките кои се вработени.

Оттаму, ќе се предложи законско решение со кое ќе се реализираат мерките и ќе се утврди периодот на отпочнување на неговата примена во пракса.

За истото, потребна е сеопфатна анализа на состојбите во економијата, како и меѓу институционална координација.

Имајќи предвид дека анализите на состојбите се во тек, како и фактот дека реализацијата на мерките предвидени во Програмата на Владата на Република Северна Македонија, се однесуваат на периодот 2024-2028 година, се смета дека во моментов не е соодветно да се прифати носењето на предложениот Закон за дополнување на Законот за данокот на личен доход, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

Од друга страна, во наредниот период ќе се имплементираат мерките од Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија (2024-2028), а кои се во интерес на општото добро на граѓаните, притоа следејќи го системскиот пристап за измена на законската регулатива и затоа Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Законот.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Иницијативата од Матеј Алексовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.76/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 86 ставови 1, 2 и 4 од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр.72/16, 142/16 и 233/18) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата наведува дека постои колизија т.е. неусогласеност помеѓу Законот за облигационите односи и Законот за нотаријатот во поглед на процесните дејствија кои треба да бидат преземени при заверка на правното дело за кое е пропишана засилена писмена форма согласно законот.

Подносителот на Иницијативата наведува дека во членот 1023 став (3) од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ број 18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09 и 161/09) се истакнува дека при заверката судијата односно нотарот ќе го прочита договорот и ќе ги предупреди договарачите на последиците од него. Исто така, подносителот наведува дека идентична е и нормата од член 1030 став (2) од Законот за облигационите односи, која предвидува да се преземат следните процесни дејствија при заверка ,,при заверка судијата, односно нотарот во присуство на договарачите и двајца сведоци кои ги познаваат гласно ќе го прочита договорот и ќе ги предупреди договарачите на последиците од договорот. Меѓутоа, во Законот за нотаријатот под заверка се подразбирало заверка на потпис член 86 ставовите (1), (2) и (4) од Законот за нотаријатот од каде се предвидувало кои процесни дејствија треба да ги преземе нотарот во процесот на заверка: да го потврди идентитетот на страните, да потврди дека страните во негово присуство ја потпишувале исправата, при што нотарот не бил должен подетално да се запознае со содржината на делото, ниту е должен да ги предупреди или запознае страните за последиците од правното дело. Со тоа двата закони за иста правна материја предвидувале различни процесни дејствија во постапка што во суштина доведувало до колизија и правна несигурност за тоа која од двете правни норми да се употребат во правниот промет при заверка на правното дело, кое било во директна спротивност со член 8 став 1 точка 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Во врска со наводите на подносителот, се наведува дека во конкретните случаи станува збор за Договор за отстапување на имот за време на живот и Договор за доживотна издршка уредени со Законот за облигациони односи и постапувањето на нотарите при изготвување на нотарски исправи за овие правни дела.

Имено, со Законот за облигациони односи се уредуваат основите на облигационите односи, договорните и други облигациони односи во прометот на стоки и услуги.

Според член 1029 став (2) од Законот за облигационите односи, Договорот за отстапување на имотот за време на живот мора да биде составен во писмена форма и заверен од надлежен суд или од нотар. Според став (3) од истиот член, при заверката судијата, односно нотарот ќе го прочита Договорот и ќе ги предупреди договарачите на последиците од него.

Според член 1030 став (1) од Законот за облигациони односи, Договор за доживотна издршка се составува во писмена форма и се заверува од надлежен суд или од нотар. Според став (2) од истиот член, при заверка судијата, односно нотарот во присуство на договарачите и двајца сведоци кои ги познаваат гласно ќе го прочита Договорот и ќе ги предупреди договарачите на последиците од договорот.

Нотаријатот и вршењето на нотарската служба се уредува со Законот за нотаријатот (,,Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16, 142/16 и 233/18), а за прв пат беше воведен во политичкиот систем на Република Северна Македонија со Законот за вршење на нотарските работи кој беше донесен во 1996 година, а започна со примена во 1997 година, кога се именуваа првите нотари.

Според член 3 став (2) од Законот за нотаријатот, нотарската служба опфаќа составување и издавање на јавни исправи за правните работи во форма на нотарски акт, изјави и потврди за

факти врз основа на кои се востановуваат права или обврски, донесување решенија во постапка за издавање на нотарски платни налози, потврдување на приватни исправи (солемнизација), издавање на потврди, заверка на потпис и ракознак, на препис, на превод, примање на чување на исправи, на пари и на предмети од вредност заради нивно предавање на други лица или органи, како и вршење на доверени работи определени со закон.

Со членот 4 став (1) од Законот за нотаријатот, се уредува дека нотарски исправи се јавни исправи кои нотарот ги составил во рамки на делокругот на работата и службените дејствија утврдени со закон и тоа исправи за правни работи и изјави кои ги составил нотарот во форма на нотарски акт (нотарски акти), нотарски платен налог, записници за правни работи и други дејствија што ги презел нотарот или биле преземени во негово присуство (нотарски записници), потврди за факти кои нотарот ги утврдил со непосредно забележување или со помош на исправи (нотарски потврди) и потврдени (солемнизирани) приватни исправи. Според став (2) од истиот член, нотарски заверки се заверки на потпис и ракознак, заверки на идентичност на препис или извод (заверка на препис), заверки на превод и други заверки предвидени со закон. Според став (4) од истиот член, нотарските исправи имаат доказна сила на јавни исправи ако при нивното составување и издавање се исполнети потребните услови предвидени со овој закон.

Со членовите 54, 55 и 56 од Законот за нотаријатот, се уредува службената должност на нотарот при составување на нотарски акт или солемнизирање на приватна исправа, а со член 86 од истиот закон, службената должност на нотарот при заверка на потпис, со што во Законот за нотаријатот прецизно и јасно е уредено што претставува нотарска исправа и кога истата има доказна сила на јавна исправа и кои се службените должности на нотарот при составување на нотарски акт или солемнизирање на приватна исправа, а што претставува нотарската заверка и кои се службените должности на нотарот при заверка на потпис.

Имено, согласно член 56 став (1) од Законот за нотаријатот, нотарските исправи за правните работи врз основа на кои се врши пренос на правото на сопственост, физичка делба на недвижност, односно размена на недвижности, нотарот ги изготвува во согласност со одредбите од овој закон, само доколку претходно утврдил дека се исполнети условите и постапката предвидени со посебни закони, во спротивно ќе постапи согласно со членот 30 став (2) од овој закон, односно нотарот ќе одбие службено дејствие.

За договорите за доживотна издршка и договорите за отстапување на имот за време на живот, нотарите согласно Законот за нотаријатот изготвуваат нотарски исправи со доказна сила на јавна исправа, со примена на одредбите од 56 од истиот закон, кој упатува на член 65 став (1) точки а), б), в), г), ѓ), е) и з) од законот, според кои нотарската исправа треба да содржи а) податоци за денот, месецот и годината, местото, а кога со закон тоа е предвидено или учесниците тоа го бараат и часот кога актот е составен; податоци (име, презиме и службено седиште и подрачје) за нотарот кој го изготвил актот; в) податоци (име, презиме, место и датум на раѓање, живеалиште или престојувалиште, единствен матичен број, односно друг идентификациски број) за учесниците, а ако некоја од учесниците има полномошник, тогаш истите податоци треба да се внесат и за него, а полномошното треба да биде заверено, и приложено кон изворникот на актот во оригинал или заверен препис; изјава за начинот на кој нотарот го утврдил идентитетот на учесниците; прилози кон изворникот на актот во оригинал или заверен препис; е) забелешка дека актот и прилозите им биле прочитани или е постапено согласно со одредбите од овој закон; потпис на сите учесници, а на крајот потпис и печат на нотарот.

Одредбите од член 86 од Законот за нотаријатот, се однесуваат на заверка на потпис или ракознак на сите приватна исправа, при што нотарите го потврдуваат само потписот но не и содржината на исправата, а не се однесуваат на нотарска исправа која нотарот ја составува за Договор за доживотна издршка и за Договор за отстапување на имот за време на живот.

Од горенаведеното, нотарите нотарската служба ја вршат согласно Законот за нотаријатот и не постои колизија и правна несигурност за тоа дали нотарите да ги применуваат одредбите од Законот за облигациони односи или Законот за нотаријатот, кога станува збор за договори за отстапување на имот за време на живот и договори за доживотна издршка, бидејќи при составување на овие правни дела нотарите изготвуваат нотарски исправи.

Имајќи го во предвид горенаведеното, се смета дека одредбите од член 86 став (1), став (2) и став (4) од Законот за нотаријатот, се во согласност со членот 8 став (1) точка 3 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на оспорените одредби од Законот за нотаријатот.

**<u>Точка 34</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.74/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 38 став 3 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24, 37/25, 86/25 и 101/25) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста на член 38 став 3 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка со кој се уредува постапувањето со средствата добиени од продажба на привремено одземен имот и начинот на враќање на средствата или имотот доколку судот донесе таква правосилна одлука.

Имено, со членот 38 се предвидува:
(1) Средствата добиени од продажбата на привремено одземениот имот или привремено одземените предмети, согласно со членот 35 од овој закон, се уплатуваат на посебна приходна шифра од депозитната сметка на Агенцијата.
(2) Доколку биде донесена правосилна одлука за враќање на имотот или предметот кој е продаден, Агенцијата на сопственикот му ги исплаќа средствата добиени од продажбата, кои што се депонирани и чувани на посебна приходна шифра од депозитната сметка на Агенцијата од ставот 1 на овој член.
(3) Доколку биде донесена правосилна одлука за враќање на предметот кој е отстапен согласно со членот 35 став 5 алинеја 2 од овој закон, државниот орган на кој му е отстапен предметот на сопственикот му ги исплаќа средствата во висина утврдена со направената процена, согласно со членот 35 став 7 од овој закон, намалена за 7% од направената процена на вредноста на предметот, кои на сопственикот му ги исплаќа Агенцијата, согласно со членот 65 став 2 алинеја 2 од овој закон.
(4) Доколку биде донесена правосилна одлука за враќање на отстапен привремено одземен имот или привремено одземени предмети, согласно со членовите 35, 36 и 37 од овој закон, Агенцијата на сопственикот му ги враќа отстапените предмети или доколку тоа не е можно, поради природата на привремено одземениот имот или привремено одземените предмети му ги исплаќа средствата во висина утврдена со направената процена, согласно со членот 35 став 7 од овој закон, од Буџетот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорената одредба од член 38 став 3 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24, 37/25, 86/25 и 101/25) е јасно дефинирана, оправдана

и не е во спротивност со другите важечки прописи и закони, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати оваа иницијатива.

**<u>Точка 35</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Сузана Цветкова од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.78/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 4 став (1), точка 5, член 10 став (1) алинеи 1 и 2 и член 10 став (2) од Законот за социјална сигурност за старите лица („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19) и притоа го утврди следново мислење:

Со поднесената Иницијатива, се бара укинување на член 4 став (1) точка 5, член 10 став (1) алинеи 1 и 2 и член 10 став (2) од Законот за социјална сигурност за старите лица, од причина што е наведено дека истите се во спротивност со принципот на владеење на правото од член 8 став 1 алинеја 8, член 34 и член 35 од Уставот на Република Северна Македонија и правната сигурност на граѓаните како негов составен дел.

Правна основа за донесување на Законот за социјална сигурност за старите лица се одредбите од Уставот на Република Северна Македонија и тоа член 34, со која одредба е утврдено дека граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор и член 35 со која одредба е уредено дека Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните, согласно начелото на социјална праведност, им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани, им обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Со Законот за социјална сигурност за старите лица се уредува социјалната сигурност за старите лица, условите и постапката за остварување и финансирањето на правото на социјална сигурност за старите лица. Социјална сигурност за старите лица се обезбедува согласно начелата на социјална праведност, хуманост и солидарност. Право на социјална сигурност за старите лица има лице со навршени 65 години возраст под услови утврдени со овој закон.

Во член 4 од Законот прецизно се утврдени сите услови за остварување на право на социјална сигурност за старите лица и тоа:

1. да има државјанство на Република Северна Македонија;
2. да има постојано место на живеење во Република Северна Македонија во последните 15 години пред поднесување на барањето;
3. да нема во сопственост имот и имотни права од кои може да се издржува;
4. да не е корисник на пензија од Република Северна Македонија или вид на исплата по основ на старост, инвалидност или доживување од друга држава и
5. да не остварило приходи по сите основи во последните три месеци пред поднесување на барањето.

Со членот 10 од Законот се утврдуваат и условите под кои што престанува правото на социјална сигурност за старите лица, доколку:
- корисникот при поднесувањето на барањето даде невистинити или нецелосни податоци за материјалната, семејната и имотната состојба за себе, брачниот другар или лицето со кое живее во вонбрачна заедница,
- корисникот не ја пријави промената на материјалната и имотната состојба за себе, брачниот другар или лицето со кое живее во вонбрачна заедница, во текот на користењето на правото и

- корисникот со решение на центарот е сместен подолго од 30 дена во установа за вон-семејна социјална заштита или згрижувачко семејство, здравствена или друга установа.

Во случаите од ставот 1 алинеи 1 и 2 на овој член правото на социјална сигурност за стари лица не може да се користи во наредните 12 месеци.

Со горенаведениот член 10 од Законот се воведува систем на владеење на правото за сите граѓани и претставува заштитен механизам за евентуални злоупотреби од страна на корисниците на правата на социјална заштита на финансиските средства од буџетот на Република Северна Македонија.

Ова право произлегува од системот за социјална заштита на граѓаните а не од системот на пензиско и инвалидско осигурување, затоа правично е утврдена грижата на државата за заштита на социјално ранливите категории, односно старите лица над 65 годишна возраст.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека член 4 став (1) точка 5, член 10 став (1) алинеи 1 и 2 и член 10 став (2) од Законот за социјална сигурност за старите лица („Службен весник на Република Северна Македонија" бр104/19), се во согласност со член 8 став (1) алинеја 8, член 34 и член 35 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати оваа иницијатива.

**Точка 36**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 37**

**1.** Владата по Информацијата за листата на предмети предложени од ГД ЕНЕСТ за оценската мисија за борба против организиран криминал и корупција, вклучително и корупција на високо ниво и во контекст на јавните набавки, која ќе се реализира од 10 до 14 ноември 2025 година во Скопје, го задолжи Министерството за европски прашања во соработка со Министерството за правда, да подготви информација во која ќе ги има предвид заклучоците донесени на Сто и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 септември 2025 година, точка 85 и за наредната седница на Владата да ја достави со соодветен предлог.

**2.** Владата го разгледа Барањето за изменување на Заклучокот бр.2 од точка 52: „Информација за реализација на проект „ЕУ за општините“ во рамките на ИПА 2 Годишната програма на активности за Република Северна Македонија за 2020 година, од Тринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 октомври 2020 година, го прифати Барањето и заклучи истиот да се измени и да гласи:

„2) Владата одобрува кофинансирање на проектот „ЕУ за општините“ во рамките на ИПА II Годишната програма на активности за Република Северна Македонија – буџетски корисник Министерството за локална самоуправа, во вкупен износ од 600.000 евра, почнувајќи од 2025 година, а се задолжува Министерството за локална самоуправа да обезбеди кофинансирање за останатите проекти од Програмата „ЕУ за општините“ и во 2026 година.”.

**Точка 38**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје во периодот 1.10.2023 година - 31.12.2023 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го дополни материјалот, согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 39**

Владата го разгледа Акцискиот план со предвидени и преземени мерки и активности од страна на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година, бр.22-70/1 од 17 јануари 2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за нотаријатот за 2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за правда да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за наодите од извршена контрола на документацијата за неисплатени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија од страна на Министерството за внатрешни работи, како материјал за информирање.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за вкупниот број на регистрирани возила на подрачјето на сите општини на територијата на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на нова Стратегија за образование 2026–2032 година, како материјал за информирање.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на Акцискиот план по Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат државните студентски домови во Република Северна Македонија и развој на студентскиот стандард“, заклучно со првиот квартал на 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 45**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Секторот за сајбербезбедност при Министерството за дигитална трансформација за период од 1.1.2025 до 30.6.2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Годишниот извештај за 2023 година за спроведување на Акцискиот план на Националната стратегијата за еднаквост и недискриминација 2022-2026 и Годишниот извештај за 2024 година за спроведување на Акцискиот план на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026, со текст на Годишен извештај за 2023 година и Годишен извештај за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Акциски план 2022-2024 за спроведување на Националната стратегија за деинституционализација во Република Македонија 2018-2027 „Тимјаник“, како материјал за информирање.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Национална стратегија за демографски политики 2025-2045, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата го разгледа Годишниот извештај за преземените активности и постигнатиот напредок во воспоставувањето еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија во 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со износот кој се однесува на проектот „Изградба на пливачки базен во Општина Охрид“, како материјал за информирање.

**Точка 51**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање во закуп објекти на граничните премини за патен сообраќај, со заклучок истата да се разгледа на седница на Владата по завршување на изборниот процес.

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (дваесетта одлука).

**Точка 53**

Владата го разгледа Барањето за одобрување на Одлуката на Управниот одбор на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје бр.0201-234/2 од 21.2.2025 година за потпишување на Амандман број 4 од Договорот за набавка, инсталирање и тестирање на АТМ систем склучен со италијанската компанија ЛЕОНАРДО С.п.А (бр.02-1056/41 од 14.12.2018 година, Амандман бр.1 заведен со арх.бр. на М-НАВ АД Скопје 02-799/57 од 25.7.2022 година, Амандман бр.2 заведен со арх.бр. на М-НАВ АД Скопје 0307-22/5 од 31.3.2023 година и Амандман бр.3 заведен со арх.бр. на М-НАВ АД Скопје 0307-134/7 од 22.3.2024 година), со прилози и Предлог-одлука и условно го прифати Барањето и ја донесе Одлуката за одобрување на Одлуката на Управниот одбор на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје бр.0201-234/2 од 21.2.2025 година за потпишување на Амандман бр. 4 од Договорот за набавка, инсталирање и тестирање на АТМ систем склучен со италијанската компанија ЛЕОНАРДО С.п.А (бр.02-1056/41 од 14.12.2018 година, Амандман бр.1 заведен со арх.бр. на М-НАВ АД Скопје 02-799/57 од 25.7.2022 година, Амандман бр.2 заведен со арх.бр. на М-НАВ АД Скопје 0307-22/5 од 31.3.2023 година и Амандман бр.3 заведен со арх.бр. на М-НАВ АД Скопје 0307-134/7 од 22.3.2024 година), со заклучок предлагачот предметниот материјал да го усогласи/потврди со Министерството за финансии.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Одлуката за давање на трајно користење на движни ствари на Државна изборна комисија, со Предлог – одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државна изборна комисија.

**Точка 55**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата во врска со статус на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.353 Зрновска Река на концесионерот Еко тера ДОО Скопје.

**Точка 56**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата во врска со статус на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.104 Габровска Река на концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одобрување на трошоци за арбитражниот предмет Гама Гуч Системлери Мухендисклик Вее Тааххут А.Ш како тужители против Република Северна Македонија како тужена страна број 26696/НВН (завршна постапка во полза на Република Северна Македонија) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се одобруваат дополнително настанатите трошоци (над износот определен како првична проектирана сума за висина на трошоците во склученото писмо за ангажирање) во арбитражната постапка Гама Гуч Системлери Мухендисклик Вее Тааххут А.Ш како тужители против Република Северна Македонија како тужена страна и се согласува со нивна исплата.

2. Се задолжува претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори/заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, да продолжи со понатамошна координација и

дејствија со адвокатската куќа White & Case за спроведување на присилното извршување против GAMA Гама Гуч Системлери Мухендисклик Вее Тааххут А.Ш за наплата на досудените трошоци.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за обезбедување дополнителни средства преку заем од КфВ Развојната банка, со државна гаранција, со кои би се затворила финансиската рамка за проектот Компонентата I: Ревитализација на ГХЕ - трета фаза и дополнителни средства за финансирање на проектот ФЕ Битола 3 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје во соработка со Министерството за финансии веднаш да подготви и достави барање до КфВ Развојната банка и Европска банка за обнова и развој (ЕБОР) за обезбедување на дополнителни средства во форма на заем со државна гаранција за затворање на финансиската рамка за проектот Ревитализација на ГХЕ – трета фаза во износ од 10 милиони евра и дополнителни средства за финансирање на ФЕ Битола 3 во износ од 1 милион евра, со што вкупниот износ на заем кој ќе се обезбеди од КфВ ќе изнесува до 60 милиони евра, а заемот од ЕБОР ќе изнесува до 37 милиони евра.

2. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје веднаш по добивање на позитивен одговор од КфВ Развојната банка и Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), да постапи согласно одредбите од Законот за јавен долг и да ја започне постапката за добивање на согласност за задолжување, а во согласност со заклучоците од точка 14 од Нацрт – записникот од Четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јануари 2025 година, бр.50-764/3, наместо во вредност од 86.000.000 евра, целокупната постапка за добивање на согласност за задолжување да биде во износ до 97.000.000 евра, обезбедено со државна гаранција, заемот од КфВ Развојната банка и заемот од Европската банка за обнова и развој кои Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, има намера да ги обезбеди за затворање на финансиската рамка за проектот Ревитализација на ГХЕ – трета фаза и финансирање на проектот Фотонапонска електроцентрала (ФЕ) Битола 3.

3. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје по добивањето на согласноста за задолжување со државна гаранција, наведено во заклучокот бр. 2, во соработка со Министерството за финансии да ги започне преговорите со КфВ Развојната банка и Европската банка за обнова и развој за склучување на договорите.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 59**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потреба од реформа во примарна здравствена заштита во Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување на Вонредно собрание на акционери на АД Охридтурист - Охрид, закажано за 3 октомври 2025 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Томе Трпоски, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Северна Македонија, како акционер во АД Охридтурист - Охрид, да присуствува на седницата на Вонредното собрание на акционери на АД Охридтурист - Охрид, закажана за 3 октомври 2025 година, со почеток во 12 часот.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2. Заклучоците да се доставaт до овластеното лице, кое согласно член 392 од Законот за трговските друштва, има својство на полномошник и претставник на акциите на Владата на Република Северна Македонија во Друштвото, како инструкција за начинот на гласање на Вонредното собрание на акционери на АД Охридтурист - Охрид, закажано за 3 октомври 2025 година, односно да гласа како што е утврдено во четвртиот заклучок.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да го извести АД Охридтурист - Охрид за назначениот полномошник на Владата на Република Северна Македонија на Вонредното собрание на акционери на АД Охридтурист - Охрид.

4. Се овластува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија по однос на точките да гласа на следниот начин:

- Во однос на точката 1. Избор на претседавач и работни тела, да гласа „ЗА";

- Во однос на точката 2. Донесување одлука за водењето на работењето со АД Охридтурист – Охрид од членовите на Одборот на директори, по донесените одлуки на Собранието на акционери на Друштвото, да гласа „ПРОТИВ" и

- Во однос на точката 3. Донесување одлука за продолжување со доградба и реконструкција на хотел Палас согласно правосилно Одобрение за доградба и реконструкција бр.28 Уп-294/2017 од 23.8.2017 година, издадено од Министерството за транспорт и врски, да гласа „ВОЗДРЖАНО", од причина што за истото треба да биде обезбедена и финансиска конструкција и да се почитуваат техничките карактеристики и препораки од Стручното мислење за оценка на носивиот капацитет на конструктивниот систем на објектот хотел „Палас" во Охрид бр.12-03/34-2 од 27.1.2020 година од Универзитет „Св.Кирил и Методиј" - Градежен факултет Скопје.

**Точка 61**

Владата ја донесе Одлуката за начинот на наплата на износот за „Детска недела" во период од 6 до 12.10.2025 година.

**Точка 62**

Владата ја донесе Одлуката за затворање на Почесниот конзулат на Република Австрија во Република Северна Македонија, со седиште во Битола.

**Точка 63**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност за именување на почесен конзул на Република Австрија во Република Македонија, со седиште во Битола.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од примена на политики за креирање на лозинки на службени е-маил адреси, со прилог Политика за креирање на лозинки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат органите на државна управа и се препорачува на сите институции од јавниот сектор да ги применат препораките за политики за креирање на лозинки на службени е-маил адреси кои се дадени во прилог.

2. Се задолжуваат органите на државната управа и се препорачува на сите институции од јавниот сектор во рок од 15 дена, повратно да го известат Министерството за дигитална трансформација за постапување по препораките за политики за креирање на лозинки на службени е-маил адреси.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:30 часот.